**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Бр.03-3213/1**

**Скопје 27.08.2021г.**

**Предмет: Трет седумдневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува третиот седумдневен извештај, во согласност со обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година.

Во извештајот, што се однесува на периодот од 20 до 26 август 2021 година, ве информираме за следново:

Во текот на изминатата седмица, до Агенцијата пристигнаа неколку дописи кои се однесуваа на прашања поврзани со забраната од член 75-д став 4 од Изборниот законик (ИЗ) согласно која - од денот на распишување на изборите сѐ до нивното завршување, радиодифузерите не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на државата, од буџетите на општините и на Градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, освен рекламите кои се финансираат од Буџетот на државата согласно ИЗ.

На 25 август, Синиша Пекевски од СИ Комјуникејшн, побара информација за тоа дали емитување рекламно видео за Законот за бесплатна правна помош, кое е целосно финансирано и изработено со средства на Советот на Европа и Европската Унија, а е наменето за потребите на Министерства за правда, ќе претставува прекршување на правилата за рекламирање во период на избори.

На г Пекевски му беше одговорено дека рекламните спотови коишто не се финансирани од изворите на средства наведени во член 75-д став 4 од ИЗ, не подлежат на оваа забрана.

На 26 август, Владата на Република Северна Македонија со обрати до Агенцијата со допис, во кој нѐ информираше дека има подготвено едукативни и информативни кампањи за вакцинација и антикорупција кои, меѓу другото, опфаќаат ТВ и радиоспотови, и за кои побара да се емитуваат на програмите на радиодифузерите како исклучок од ограничувањата што произлегуваат од Изборниот законик.

Агенцијата ја извести Владата дека Кампањата за вакцинација ќе ја смета за исклучок од забраната од член 75-д став 4 од Изборниот законик, но оти емитувањето на Кампањата за борба против корупцијата пред завршувањето на Локалните избори 2021 година ќе го смета за прекршок.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Имено, Агенцијата смета дека Кампањата за вакцинација се однесува на прашање кое засега значаен дел од општеството и нејзиното емитување е неопходно за, до што поголем дел од граѓаните, да се пренесат информации кои се важни за заштита на јавното здравје. Истовремено, мигот во којшто треба да се емитува - пред почетокот на учебната година и во време на брзо и нагло ширење на новиот пандемски бран, ѝ дава одлика на итност и неодложност што ја квалификува како кампања чие емитување, во периодот по распишувањето на Локалните избори 2021, може да се смета за исклучок од забраната од Изборниот законик.

Во поглед на Кампањата за борба против корупцијата, Агенцијата смета дека активностите за надминување на корупцијата се несомнено важни и засегаат значаен дел од општеството. Меѓутоа, оваа кампања ја нема истата карактеристика на итност и неодложност како Кампањата за вакцинација, поради што таа не може да биде сметана за исклучок од забраната од Изборниот законик, односно ќе може да се емитува по завршувањето на Локалните избори 2021.

Во тектот на оваа седмица, мониторингот за начинот на известување на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања за Локалните избори во 2021 година се одвиваше непречено.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**